СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-4860/2
29.07.2022 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на Петтата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за 29.07.2022 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Петтата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

Согласно член 80 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци по Барање со арх.бр.08-4850/1 од 29.07.2022 година од членови на Советот на Општина Кавадарци за свикување на вонредна седница.

На седницата присуствуваат 7 советници, на седницата ќе се вклучат и истата ќе ја следат преку ZOOM апликацијата. Се прозиваат советниците кои се преку апликацијата ZOOM. Весна Ѓорѓиева.Тука ли е. Даниела Ивановска.Тони Нешковски. Павле Маневски. Стојанчо Рамов. Вуко Мелов. Тука ли е Вуко Мелов.Тука. Ружица Ристов.Тука. Диме Коцевски.Тука. Валентина Бањанска. Тука. Веса Богева. Тука. Ратка Росоманска.Тука. Перо Николов.

Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница.

Причината за свикување на вонредна седница по еднинствена точка од предложениот Дневен ред - Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, е поради техничка грешка во табеларниот дел од Програмата, усвоена од Советот на Општина Кавадарци на ден 22.07.2022 година која што е дополнително констатирана и затоа е потребна измена, се со цел изработка на техничка спецификација за спроведување на јавна набавка за возила-автобуси.

Врз основа на образложението за свикување на оваа вонредна седница Ве поканувам да гласате н за оправданоста на причината за свикување на Петтата Вонредна Седница. Кој е за.

Процедурално.Може. Советник Вуко Мелов:.....

ЗОРИЦА СТЕФАНОВА: Се работе за членот 80 од Статутот на Општина Кавадарци . Значи го цитирам:Вонредна седница на Советот свикува Претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање на

најмалку една третина од членовите на Советот за прашања од итна природа, кога не може да се свика редовна седница. Еве ви го барањето, ви го цитираше Претседавачот со архивскиот број од потпишаните советници.Советник Вуко Мелов:....Значи Претседателот на Совет во негово отсуство кога не е присутен може во негово име да ја свика најстариот член од Советот Тоа е член, само момент од Деловникот, 57 став 3 од Деловникот за работа со Советот . Не е 57. Се извинувам 56. Еве го членот 56.

Советот на работи на седници што ги свикува Претседателот на Советот по сопствена инцијатива. Тоа е сега што беше претходно од Статутот. Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот на Советот седница свикува најстариот член на Советот . 56 став 2 од Деловникот на Општина Кавадарци на Советот. Еве ви го читам. 56 значи во Глава 5 работа на Советот, член 56, став 2 Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот, седница свикува најстариот член на Советот. Советниче Мелов значи нема дилема Деловникот за работа на Општината по членот 56, став 2 децидно е констатирано Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот да го читам ова седница свикува најстариот член на Советот. Значи нема дилема во правниот дел.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОВЕТ ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Тогаш можеме да гласаме. Од присутните кој е за оправданоста. 7 за. Онлајн. Весна Ѓорѓиева.За.Даниела Ивановска.За. Тони Нешковски.За. Павле Маневски. Против.Стојанчо Рамов.За. Вуко Мелов. Против. Ружица Ристов.За.Диме Коцевски. За.Валентина Бањанска.Против.Веса Богева.Против.Ратка Росоманска. За. Перо Николов.За. Со 15 гласа за и 4 против сметаме дека е изгласана оправданоста за свикување на вонредна седница.

За денешната Вонредна седница е добиен Предлогот за денешниот Дневен ред за работа на седницата закажана за денес и тоа

1.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

Согласно член 40 став 3 од Законот за Локална Самоуправа на вонредната седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме на гласање за предложениот дневен ред. Кој е за. 5 за и двајца против.Пак ќе ги читаме овие што се на ZOOM кои што не следат.Весна Ѓорѓиева за или против. За. Даниела Ивановска. За. Тони Нешковски. За. Павле Маневски. Против. Стојанчо Рамов.За. Вуко Мелов. Против.Ружица Ристов.За. Диме Коцевски. За. Валентина Бањанска. Против.Веса Богева. Против. Ратка Росоманска. За. Перо Николов.За. 13 за и 6 против.

Преминуваме на разгледување на точката од утврдениот дневен ред.
1.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа со финансов план на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.
Дали некој бара збор. Изволте колега. Советник Вуко Мелов:....Колку јас што приметив се работе за техничка грешка во збирот во колоните, меѓутоа ќе му дадам збор на Директорот на ЈП. Повели Директоре.
АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ: Добарден на сите на сите, на тие што се се присутни тука и тие онлајн што ја следат седницата на Советот. Значи само сакам да напоменам дека имаме грешка во збирот во Програмата и во дополнителните документација што е дадена се точно сите износи како што треба да бидат 45 000 000 денара, а таму во износот на тој што беше грешен, значи работата е тоа што не беа пресметани давачките за лизинг и ратите и каматите на 60 месеци, значи нема ништо измена во цените, само е техничка грешка, другите работи остануваат исти. Советник Вуко Мелов:... Во физибилити студијата стои износот дека е врз основа на понудите што ги имаме за набавка на автобуси и не се пресметани давачките за лизинг за 5 годишниот годишен период. Иначе е истиот износ што е наведен и во Програмата. Нема измена во износите.Советник Вуко Мелов:....Значи вкупниот буџет за набавка на автобуси е 45 000 000. Само во Програмата во една колона стое грешен износ . Таму имате и дополнително кај што има биланс на приходи и расходи. Значи погледните ја колоната, стое колку имаме давачки по година за лизинг и за износот за плаќање на автобусите. Кога ќе се соберат сите колони значи вкупното учество што е од 14% + 60 рати со пресметана камата за лизинг испаѓаат 845 000 000денара.
ПРЕСЕДАВАЧ НА СОВЕТ ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Дали некој друг бара збор. Ако никој не бара збор преминуваме на гласање. Кој е за. 5 за, 2 против. Ајде одиме онлајн. Весна Ѓорѓиева.За. Даниела Ивановска. Против.Тони Нешковски. За. Павле Маневски. Мала пауза. (Пауза) Ајде уште еднаш. Весна Ѓорѓиева. За. Даниела Ивановска.Против. Тони Нешковски.Тони Нешковски слуша ли. За. Павле Маневски. Против.Стојанчо Рамов. За. Вуко Мелов. Против.Ружица Ристов. За. Диме Коцевски. За.Валентина Бањанска. Против. Веса Богева.Против.Ратка Росоманска.За.Перо Николов. За. 12 за. 7 против. Сметам дека усвоена е точката и седницата се затвара. Ви благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАВАЧ
Јован Златевски